# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ Бр.5/2018

Јануари – 2018 година
,,Совет на Општина Шуто Оризари,,
,,Konsili ki Komuna Suto Orizari • Këshili i Komunës Shuto Orizare,,
,,Република Македонија • Republika Makedonija • Republika e Maqedonia,,

# С О Д Р Ж И Н А

1. **Предлог – Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Шуто Оризари.**

2. **Презентација на улогата и надлежностите на Советот за превенција од страна на претставници на МВР на РМ.**

Бр. NO, Num 09 -90 /3
31.01. 2018 год / bers / vita
СКОПЈЕ / SKOPJE / SHKUP

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

Пред да ја отворам 4-та (третата) седница на Советот на Општина Шуто Оризари, која се одржува на ден 26.01.2018 година, молам да се утврди бројот на присутните советници и да се констатира дали има кворум за работа.

– МОЛАМ СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ДА ГО УТВРДАТ БРОЈОТ НА ПРИСУТНИТЕ СОВЕТНИЦИ.

Утврдено е дека има вкупно 18 советници. Констатирам дека Советот на Општина Шуто Оризари може полноправно да работи и одлучува.

Претседателот истакна, Пред да преминеме кон утврдување на дневниот ред по кој ќе работи Советот на Општината на својата четврта седница Ве известувам дека усвојувајата на Записниците од 1 и 2 Седница ќе бидат на дневен ред на 3-та Седница која ќе продолжи по паузата по завршувањето на 4-та Седница.

Претседателот на Советот истакна дека оваа Седница се свикува по барање на советниците од СРМ, а нивното барање Ви е доставено во прилог на предложениот дневен ред. При поднесување на Барањето од страна на советниците меѓувремено се поднесе барање и од страна на претставници од МВР на РМ со цел да се направи презентација за улогата и надлежностите на Советот за превенција од страна претставници од МВР на РМ.

Со цел да се покаже коперативност, а исто така и да се покаже дека советот постапува и ќе постапува по барањата на советниците како и по барања на граѓаните барањето на дневен ред се стави оваа точка. да преминеме кон усвојување на Записниците од 1 и 2 седница.

ПРЕМИНУВАМЕ КОН УТВРДУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД ПО КОИ ЌЕ РАБОТИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ. ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД ВИ Е ДОСТАВЕН И ОТВАРАМ ПРЕТРЕС ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД.

3. **Предлог – Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Шуто Оризари.**
4. **Презентација на улогата и надлежностите на Советот за превенција од страна на претставници на МВР на РМ.**

ДАЛИ ИМА ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД.

Бидејќи нема предлози за измена и дополнување предложениот дневе ред го ставам на гласање.

Кој е ,,ЗА,, молам да крене рака, кој е ,,ПРОТИВ,, молам да крене рака, кој е ,,ВОЗДРЖАН,, молам да крене рака.

Констатирам дека со 18 гласа ,,ЗА,, , ,,ПРОТИВ,, нема и ,,ВОЗДРЖАНИ,, нема е усвоен ДНЕВНИОТ РЕД по кои ќе работи Советот на Општина Шуто Оризари.

КОНСТАТИРАМ ДЕКА СО 18 ГЛАСА ,,ЗА,, ,,ПРОТИВ,, нема и ,, ВОЗДРЖАНИ,, нема Е УСВОЕН ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД ПО КОИ КЕ РАБОТИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ.

1. <u>ОТВАРАМ ПРЕТРЕС ПО ПРВАТА ТОЧКА ОД ДНЕВНИОТ РЕД.</u>
   **Предлог – Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Шуто Оризари.**

Го молам претставникот на предлагачот да го образложи предлогот.

Збор зеде советникот Сеад Исмаил, истиот истакна дека врз основа на член 37 став 3 точка 3 и член 55а од изборниот законик го имаа поднесено барањето за верификација на мандатот на членот на Советот Надире Селман.

За збор се јави советникот Фахри Сали кој истакна дека согласно со член 43 од Законот за локалната самоуправа, член 36 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Шуто Оризари, член 15 став 2 и 3 како и врз основа на члено 6, 7, 8, 9 и 10 од Деловникот за работа на Општина Шуто Оризари подносителот на барањето бил должен кога поднесува предлог за верификација на мандатот на член на Советот во прилог да го достави Извештајот од Општинската изборна комисија, понатаму барањето покрај до Советот да го адресира и до верификационата комисија која согласно со Законот, Статутот и Деловникот го разгледува предлогот и истиот заедно со извештајот во форма на предлог го доставува до Советот на Општина Шуто Оризари.

Значи, предлагачот за верификација на мандатот за член на Советот може да биде само Верификационата комисија согласно со членот 7 став 1 од Деловникот за работа.

За реплика се јави советникот Сеад Исмаил и истакна дека тие го поднеле барањето до Советот и понатаму Советот нека си постапува.

За збор повторно се јави советникот Фахри Сали, истиот истакна дека во прилог на барањето недостасува извештајот од општинската изборна комисија и дека по оваа барање неможе да се постапува бидејќи недостасува и записник од работата на верификационата комисија.

За збор се јави Беџет Сејди кој истакна дека вината е на службите бидејќи не ги информирале советот и не ги направиле подготовките согласно со Закон.

За збор се јави советникот Енвер Илјаз кој истакна дека ДИК по службена должност достави известување и истиот побара да не се прават опструкции.

За збор се јави Реџеп Реџеп и истакна дека Советот има направено грубо кршење на законите и дека Сонѓул Шабан пред да им биде констатиран престанок мандатот пред два месеци поднела барање за престанок на мандатот.

На оваа од страна на претседателот на Советот на Реџеп Реџеп му се објасни дека од поднесувањето на барањето на Сонѓул Шабан истото беше ставено на дневен ред наредната седница и по тоа барање се констатира престанок на мандатот и истата одлука беше доставена до општинската изборна комисија.

За збор се јави советникот Фахри Сали и истакна дека подносителот на барањето  има направено повреди во постапката и дека оваа барање не е во целост и дека како такво потребно е да се гласа против односно да се одбие.

За збор се јави Сеад Исмаил истиот истакна дека:

1.Како Совет не сме информирани дали е доставен извештај од Изборната комисија или не.

2.Искуството мое е дека има случај кога 6 месеци не е верификуван мандат на член на советот

3.Согласно со член 155а од Изборниот законик, бараме верификација на мандатот.

Исто така советникот Сеад Исмаил побара да се гласа ,,за,, или ,,против,, одлуката.

За збор се јави советникот Фахри Сали кој истакна дека на 2-та седница по барањето за престанок на мандатот на Сонѓул Шабан беше постапено дека се донесе одлука со која се констатира престанок на мандатот, а тоа што советникот Сеад Исамил не е запознат тоа е затоа што истиот на самиот почеток на седницата ја напушти без образложение и без причина.

Исто така, советникот Фахри Сали истакна дека предлог оддлуката за верификација на мандатот е точка на дневен ред на третатат седнца и оваа барање е беспредметно.

По оваа претседателот на Советот констатира дека е исцрпена расправата по предложената точка од дневниот ред, бидејќи друг не се јави за збор, предлог одлуката го стави на гласање.

Кој е ,,ЗА,,.

Кој е ,,ПРОТИВ,,

Кој е ,,ВОЗДРЖАН,,.

По гласањето се констатира дека со **5** гласа ,,ЗА,,. **10** ,,ПРОТИВ и **3** ,,ВОЗДРЖАНИ,, Советот на Општина Шуто Оризари не го прифати предлогот доставен од страна на советниците од политичката партија СРМ.

Ја отварам втората точка од дневниот ред:
**Презентација на улогата и надлежностите на Советот за превенција од страна на претставници на МВР на РМ.**

Од страна на претставници на МВР на РМ како и преставници од меѓународната мисија ОБСЕ направија презентација за предностите и улогата на Советот за превенција кој е потребно да биде формиран.

Во текот на презентацијата имаше и прашања од страна на советниците на кои добија одговор од страна на претатсвниците на МВР на РМ и се заложија за брзо и оперативно дејствување во насока на формирање на Советот како и негово успешно работење и соработување со МВР на РМ во насока на превенција на територијата на Општина Шуто Оризари.

**Претседателот на Советот: бидејќи се исцрпени сите точки од утврдениот дневен ред ја затварам третата седница на Советот на Општина Шуто Оризари.**

**Претседател на**
**Советот на**
**Општина Шуто Оризари**
**с.р.*Фатима Османовска***